# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3579.**

Врз основа на член 78 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17), министерот за труд и социјална политика, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/14), во член 3 во ставот (1), точките 3 и 4 се бришат.

Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) се бришат.

Член 2

Член 11 се менува и гласи:

„(1) Стручната комисија дава наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице врз основа на непосреден преглед на подносителот на барањето.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, во случај кога од приложената медицинска документација несомнено може да се утврди потребата од помош и нега од друго лице, стручната комисија дава наод, оцена и мислење врз основа на доставена медицинска документација без непосреден преглед“.

Член 3

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог.бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-8828/3
5 декември 2017 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.